# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**С Т Р А Т Е Ш К И   П Л А Н**

**2026 - 2028 година**

## СОДРЖИНА


1. ВОВЕД ..... 3
2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБА ..... 4
2.1.Појдовна основа ..... 6
2.2.Анализа на правна рамка ..... 6
2.3.Анализа на ресурсите ..... 7
2.3.1.Финансиски ресурси ..... 7
2.4.PESTLE анализа ..... 7
2.5.SWOT анализа ..... 8
3. МИСИЈА ..... 9
4. ВИЗИЈА ..... 9
5. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ ..... 10
6. СПЕЦИФИЧНОСТ ..... 10
7. СТРУКТУРА ..... 11
8. ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ ..... 12
9. ПРИОРИТЕТИ И ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ ..... 12
10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2024 ГОДИНА ..... 14
11. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА ОД 2025 ГОДИНА ..... 25
12. ПРОГРАМИ ..... 38
12.1 ПРОГРАМА РАЗВОЈ НА ПОЛИЦИЈАТА ..... 39
12.1.1. Потпрограма Вклучување и комуникација со заедницата ..... 43
12.1.2 Потпрограма Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистичките работи и сузбивање на организиран криминал ..... 45
12.1.3. Потпрограма Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на полициските работи од општа и посебна надлежност и за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата ..... 49
12.1.4. Потпрограма Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистичка техника ..... 51
12.1.5. Потпрограма Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на граничното управување и миграција ..... 52
12.1.6. Потпрограма Јакнење на капацитетите на специјализираните полициски служби ..... 53
12.2. ПРОГРАМА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ НА МВР ..... 56
12.2.1.Потпрограма Унапредување на системот за обука на вработените во МВР ..... 58
12.2.2. Потпрограма Надградба на телекомуникациски и информатички систем во МВР ..... 59
12.2.3. Потпрограма Реализација на активности кои произлегуваат од членство во НАТО и безбедност на информации ..... 62
12.2.4. Потпрограма Зајакнување на капацитетите за внатрешна контрола, професионални стандарди и спроведување на антикорупциска програма ..... 63
13. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ..... 64
14. ПРИНЦИПИ НА ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ ..... 64
15. ПРИНЦИП НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ..... 64
16. РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ФУНКЦИИ ..... 65
17. РИЗИЦИ НА НИВО НА СТРАТЕШКИ ПЛАН ..... 66
18. РИЗИЦИ НА НИВО НА ПРОГРАМА ..... 68

# 1. ВОВЕД

Стратешкиот план на МВР 2026-2028 година е развоен документ со мерки и активности групирани во програми и потпрограми, преку кои ќе се остварат стратешките приоритети и цели на министерството за внатрешни работи.

Во таа насока, ќе се продолжи со реализација на активностите преку транспарентност и инклузивност во креирањето на политиките од Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024-2028 година. Притоа, министерството ќе се посвети на институционално зајакнување и модернизација, насочено кон создавање на безбедна и праведна средина за сите граѓани. Во фокусот на стратешките приоритети се борбата против корупцијата и сите појавни облици на криминал, вклучувајќи го и сајбер криминалот. Министерството ќе се вложува и во унапредување на безбедноста на сообраќајот, преку имплементација на проектот „Безбеден град“ и „Безбедна држава“, активности за едукација и превентивни кампањи, со цел поголема заштита на учесниците во сообраќајот и намалување на бројот на сообраќајни несреќи. Значајна компонента од Стратешкиот план е зајакнувањето на регионалната и меѓународната соработка, со особен акцент на интеграција во европските структури и справување со предизвиците поврзани со миграцијата. Интенцијата за модернизација на граничната контрола преку воведување интегрирани системи има за цел да ги поедностави и забрза процесите на граничните премини, овозможувајќи поголема ефикасност и безбедност. Овие активности и иницијативи го дефинираат патот на министерството, обезбедувајќи континуитет во изградбата на безбедносен систем кој ќе ги штити правата и слободите на граѓаните и ќе придонесе кон јакнење на правната држава и европската интеграција.

Овој план содржи активности предвидени во 10 потпрограми, содржани во двете стратешки програми *Развој на полицијата* и *Унапредување на заедничките функции на МВР*, кои продолжуваат со реализација во определениот временски период. Истите се во насока на реализирање на стратешките приоритети и цели на министерството, а со тоа и кон остварување на стратешките приоритети и цели на Владата на РСМакедонија за 2024-2028 година. Овој Стратешки план не ги содржи потпрограмите „Управување со човечки ресурси“ и „Воведување систем за управување со документи (DMS)“ од стратешката програма „*Унапредување на заедничките функции на МВР* “, бидејќи истите се реализирани, односно во првата потпрограма е донесен новиот Закон за внатрешни работи, а во втората потпрограма проектот „*Документ менаџмент систем*“, кој е и дел од Програмата за работа на Владата 2024-2028 година е реализиран. Неговата имплементација која е планирано да отпочне од март 2026

година, ќе се следи во рамки на потпрограмата „***Надградба на телекомуникациски и информатички систем во МВР“.***

Стратешкиот документ е изработен согласно Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешки план и Годишен план за работа.

Воедно, планот е во согласност и со Упатството за начин на постапување на организациските единици во Министерството за внатрешни работи при изготвување на Стратешки план на МВР, во кој активностите од стратешко значење за министерството се предложени од страна на организациски единици за потребите на министерството и Бирото за јавна безбедност.

Првиот дел од планот содржи анализа на состојба, мисија и визија на министерството, задачи, обврски, специфичност и структура на министерството, стратешки приоритети и приоритетни цели, како и осврт на постигнати резултати на министерството за 2024 година и за 2025 година.

Во вториот дел содржан е преглед на плановите за спроведување на стратешките програми, и нивната поврзаност со стратешките приоритети и цели на министерството, во насока на остварување на стратешките приоритети и цели на Владата за 2024 -2028 година.

Другите делови од планот опфаќаат прашања во врска со влијанија врз човечки ресурси, принципи на правична застапеност, принципот на еднакви можности на жените и мажите, заедничките функции во кои се вклучени стратешкото планирање и подготвување на буџет, извршување на буџет и управување со средства и внатрешна ревизија. Составен дел на планот се ризиците утврдени на ниво на стратешки програми и Стратешки план.

## 2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБА

Министерството за внатрешни работи во 2025 година согласно надлежностите успешно ги спроведува задачите и обврските, како и активностите од стратешко значење преку кои се остваруваат стратешките приоритети и приоритетни цели. Воедно, министерството продолжува со преземање активности за справување со организираниот криминал и корупцијата, при што во месец јуни, 2025 година ја донесе Стратешката проценка за закани од организиран и сериозен криминал, потоа против трговијата со луѓе, илегалната миграцијата, зголемување на безбедноста во сообраќајот на патиштата, градење систем за континуирана обука и јакнење на професионалниот интегритет на вработените. И во овој стратешки документ продолжува реализацијата на стратешките програми *Развој на полицијата* и *Унапредување на заедничките функции* во МВР, разработени во

10 потпрограми, во кои се опфатени и проекти од министерството произлезени од Програмата за работа на Владата 2024-2028 година. Во наведениот период донесен е новиот Закон за внатрешни работи, од потпрограмата „Управување со човечки ресурси", а реализиран е и проектот „Документ менаџмент систем" од потпограмата „Воведување систем за управување со документи (DMS)", со што овие две потпрограми од стратешката програма *Унапредување на заедничките функции* во МВР се реализирани.

Во делот на реализирање на *капитални инвестиции* во 2025 година, продолжува изградбата на новиот објект на ПС Аеродром, заршна е реконструкцијата на објекти во Центарот за обука, завршена е адаптација на дел од објектот "Бутел", а во тек е адаптација на објект „11-ти Октомври" (објекти преземени од Министерството за социјална политика, демографија и млади), изработени се спортски терени во рамки на објектот „Пониква, а се изработува планска документација за изградба на два нови објекти (објект Катна гаража на МВР и објект „Кисела Вода"). Исто така, извршена е набавка на 120 возила за потребите на полицијата, а се склучени рамковни спогоди за набавка на униформа за специјалната полиција.

Во насока на *стручно оспособување,* за вработените во организациските единици за потребите на министерството во 2025 година, спроведени се три обуки за ментори, со учество на вкупно 58 работници, обука за оценувачи на 13 работници, две обуки за ракување со оружје, на која присуствувале 11 работници, обука за програмско буџетирање со учество на двајца вработени, семинар на тема „Методологија за управување со договори во јавните набавки и безбедносни појави, со учество на двајца вработени, обука за без државјанство и вклучување во меѓународна заштита на еден работник. Согласно наведеното вклучен број работници кои учествувале на обуките е 87 од кои 45 мажи и 42 жени. На ниво на Биро за јавна безбедност во текот на 2025 година спроведени се вкупно 435 обуки со учество на вкупно 1.761 вработен, од кои 1.318 се мажи и 443 жени. Поголем дел од обуките се однесуваа во делот на граничното управување и миграција, трговија со луѓе, трговија на мало и лесно оружје, во делот на безбедност на полициското работење и во рамки на проектот „Сина храброст".

Во однос на *принципот на еднакви можности на жени и мажи*, во 2025 година, 82 полициски службеници од кои 39 мажи и 43 жени учествуваа на едукативни активности поврзани со теми за родова еднаквост и семејно и родово базирано насилство, одржани во земјава (Скопје, Берово, Битола и Велес) и странство (Австрија, Р.Албанија и Р.Србија).

На ниво на министерството во 2025 година согледана е следната ***родова застапеност*** и тоа **вработени се вкупно 11.370,** од кои **мажи се 8.846** и **жени 2.524**, при што:

- **униформирани:** вкупно 6.617, од кои мажи 5.635 и жени 982;
- **неуниформирани ПС**: вкупно 2.671, од кои мажи 2.089 и жени 582;
- **овластени**: вкупно 1.765, од кои мажи 914 и жени 851;

- **вработени по Закон за работни односи**: вкупно 312, од кои мажи 203 и жени 109;
- **останати:** вкупно 5 (мажи).

Во однос на примената на ***принцип на правична застапеност*** во рамки на министерството во 2025 година е следна:

- **Македонци**: вкупно 8.194, од кои мажи 6.019 и жени 2.175;
- **Албанци**: вкупно 2.605, од кои мажи 2.370 и жени 235;
- **Срби**: вкупно 150, од кои мажи 110 и жени 40;
- **Турци**: вкупно 221, од кои мажи 189 и жени 32;
- **Роми**: вкупно 78, од кои мажи 65 и жени 13;
- **Власи**: вкупно 29, од кои мажи 18 и жени 11;
- **Останати**: вкупно 93, од кои мажи 75 и жени 18.

## 2.1 Појдовна основа

Министерството за внатрешни работи е државна институција надлежна за спроведување на законот, одржување на јавниот ред и мир, безбедноста на граѓаните и заштита на уставниот поредок во државата, со цел законито, ефикасно и транспарентно работење.

## 2.2 Анализа на правна рамка

Основните правни акти со кои е регулирано функционирањето на министерството се Законот за внатрешни работи, Закон за полиција и Закон за организација и работа на органите на државна управа. Процесот на стратешкото планирање во министерството се спроведува и согласно следните подзаконски акти и стратешки документи донесени од страна на Владата на РСМакедонија и министерството:

- Методологија за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата „Службен весник на РМ„ бр.124/08 и 58/18 и "Службен весник на РСМ„ бр.223/19;
- Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024-2028 година;
- Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на РСМакедонија за 2024-2028 година „Службен весник на РСМ„ бр.177 од 26.08.2024 година;
- Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа „Службен весник на РМ„ бр.131/18;

- Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување на спроведувањето на Стратешкиот план и Годишниот план за работа „Службен весник на РМ„ бр.131/18;
- Упатство за начин на постапување на организациските единици во МВР при изготвување на Стратешкиот план на МВР бр.13.1.1-27249 од 29.03.2018 година и бр.13.1.1-113685/1 од 15.11.2022 година.

## 2.3 Анализа на ресурсите

### 2.3.1 Финансиски ресурси

Министерството за внатрешни работи се финансира преку средства обезбедени од Буџетот на МВР, а дел за реализација на проекти се финансираат и преку средства од меѓународни организации и институции.

## 2.4 PESTLE анализа

Анализата на политички, економски, социјални, технолошки, правни и еколошки фактори (PESTLE анализа) е метод кој овозможува алатка преку која се согледува влијанието на надворешните фактори врз работењето на МВР. Поважните фактори кои имаат влијание врз функционирањето на министерството се прикажани во табеларен приказ.

| Политички фактори | Економски фактори | Социјални фактори | Технолошки фактори | Правни фактори | Еколошки фактори |
|---|---|---|---|---|---|
| -стратешки приоритетии цели на Владата<br>-стратешки приоритети и цели на МВР<br>-задолженија и заклучоци од Владата<br>-обврски кои произлегуваат од процесот на пристапување на | -расположливи финансиски средства од Буџетот на МВР<br>-финансиски средства од меѓународни организации за реализација на проекти | -влијание на граѓанското општество<br>-информирање на медиумите | влијание на инфраструктурата врз информатичко-технолошките процеси | законски и подзаконски акти | климатски промени и опасности предизвикани од природни и човечки фактори |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| РСМакедонија во ЕУ | | | | | |

## 2.5 SWOT анализа

Анализа на предности, слабости, можности и закани е метод кој овозможува да се согледа влијанието на внатрешните фактори врз работењето на министерството и истата е прикажана во табеларен приказ.

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| - посветеност на вработените за квалитетно и навремено извршување на работните задачи;<br>- воспоставен функционален систем за стратешко планирање на ниво на министерството;<br>- воспоставена соработка со функционалните Локални совети за превенција;<br>- зајакнати капацитети и вештини на вработените во областа на организиран криминал и корупција, криминалистичка техника и гранично управување и миграции;<br>- зајакната соработка и координација со меѓународни организации, релевантните државни институции и здруженија на граѓани во областа на трговија со луѓе и илегална миграција;<br>- подобрени можности за поврзување на националната база на податоци за потрага по лица и возила со меѓународната база на податоци на INTERPOL;<br>- зајакната меѓусекторска соработка во МВР за размена на податоци во однос на сајбер заканите;<br>- зајакнати капацитетите на Секторите за внатрешни работи и полициските станици од општа и посебна надлежност;<br>- континуирана соработка со ЕУ агенции;<br>- зајакнати капацитети за специјализираните полициски служби; | - непополнети работни места во одредени организациски единици во министерството;<br>- недостиг на финансиски средства за реализација на проекти и активности;<br>- нецелосно реализирани активности од стратешко значење за министерството. |

| | |
|---|---|
| - модернизирани објекти за потребите на министерството;<br>- дигитализација и подобрена компјутерска инфраструктура и безбедност на информатичкиот систем;<br>- реализација на активности произлезени од членството во НАТО;<br>- јакнење на професионалниот интегритет на работниците во министерството;<br>- подигање на родовата свест преку менторска програма за родова еднаквост. | |
| МОЖНОСТИ:<br>- имплементирање на проекти и активности за справување со организираниот криминал, корупцијата, трговијата со луѓе и илегалната миграција, како и за поголема безбедност на сообраќајот на патиштата;<br>- континуирана соработка со институции задолжени за спроведување на законите;<br>- зацврстување на соработката со меѓународните организации за развој на капацитетите во полицијата;<br>- развој и управување со современа информатичка технологија и телекомуникациските системи;<br>- надградба и стручно усовршување на вработените преку обуки и едукативни активности. | ЗАКАНИ:<br>- потенцијални ризици за зголемување на организиран криминал, корупција, тероризам, трговија со луѓе и илегална миграција;<br>- појави од сајбер закани;<br>- можни последици од воениот конфликт меѓу Русија и Украина и Блиски Исток;<br>- можни економски последици од случувањата на глобално ниво. |

## 3. МИСИЈА

Министерството за внатрешни работи, спроведувајќи ги законските надлежности е посветено на обезбедување висок степен на сигурност и безбедност во државата, заштита на слободите и правата на граѓаните и подобрување на квалитетни услуги во насока на исполнување на потребите и очекувањата на граѓаните.

## 4. ВИЗИЈА

Современа и модерна полиција, дигитализација на работните процеси, безбедна и сигурна заедница и висок квалитет на давањето услуги за граѓаните.

## 5. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ

Основни задачи на министерството се:

- остварување на системот на јавна безбедност;
- спречување на насилно уривање на демократските институции утврдени со Уставот на Република Северна Македонија;
- заштита на животот и личната сигурност и имотот на граѓаните;
- спречување на разгорување на национална, расна, верска омраза или нетрпеливост;
- спречување на вршење на кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела;
- заштита и почитување на основните слободи и права на човекот и граѓанинот, гарантирани со Уставот, законите и ратификувани меѓународни договори;
- надзорот од негова надлежност;
- врши други работи утврдени со закон.

## 6. СПЕЦИФИЧНОСТ

Министерството за внатрешни работи согласно делокругот на надлежностите го одржува јавниот ред и мир и безбедноста на државата, го штити и чува животот и имотот на граѓаните, ги почитува слободите и правата на граѓаните и им укажува стручна помош во остварувањето на пропишаните права и обврски.

# 7. СТРУКТУРА


Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи
МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
ЗАМЕНИК НА МИНИСТЕРОТ
БИРО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ
ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР НА БЈБ
ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МИНИСТЕРСТОВО
ОДДЕЛ ЗА ИНФОРМАТИЧКО - КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ
ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ РАБОТИ
ОДДЕЛ ЗА ПРАВНИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ
ОДДЕЛ ЗА ЕВРОПСКА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
ОДДЕЛ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И СТРАТЕШКИ ПРАШАЊА
ОДДЕЛ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА
ОДДЕЛ ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ
ОДДЕЛ ЗА ПРЕКРШОЦИ
ОДДЕЛ ЗА ДИСЦИПЛИНСКИ И СУДСКИ ПОСТАПКИ
ЦЕНТАР ЗА ОБУКА
ОДДЕЛ ЗА ВОЗДУХОПЛОВНИ ЕДИНИЦИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
ОДДЕЛ ЗА УНИФОРМИРАНА ПОЛИЦИЈА
ОДДЕЛ ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКА ПОЛИЦИЈА
ОДДЕЛ ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКО РАЗУЗНАВАЧКА АНАЛИЗА
ОДДЕЛ ЗА ГРАНИЧНИ РАБОТИ И МИГРАЦИИ
ОДДЕЛ ЗА ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
ЕДИНИЦА ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ
СЕКТОР ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ И КООРДИНАЦИЈА НА СОСТОЈБИ
ОДДЕЛЕ ЗА СУЗБИВАЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН И СЕРИОЗЕН КРИМИНАЛ
ОДДЕЛ ЗА ЗАШТИТА НА ОПРЕДЕЛЕНИ ЛИЧНОСТИ И ОБЈЕКТИ
ОДДЕЛ ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ПОЛИЦИСКИ ОПЕРАЦИИ
ОДДЕЛ ЗА ФОРЕНЗИЧКИ ИСПИТУВАЊА
СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА
СЕКТОР ЗА КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ
ЕДИНИЦА ЗА СЛУЖБЕНИ КУЧИЊА
РЕГИОНАЛНИ ЦЕНТРИ ЗА ГРАНИЧНИ РАБОТИ
РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ГРАНИЧНИ РАБОТИ - СЕВЕР
РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ГРАНИЧНИ РАБОТИ - ЗАПАД
РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ГРАНИЧНИ РАБОТИ - ЈУГ
РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ГРАНИЧНИ РАБОТИ - ИСТОК
СЕКТОРИ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБИТИ
СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ - СКОПЈЕ
СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ - БИТОЛА
СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ - ВЕЛЕС
СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ - КУМАНОВО
СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ - ОХРИД
СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ - СТРУМИЦА
СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ - ТЕТОВО
СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ - ШТИП
ОРГАНОГРАМ
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

## 8. ОДНОСИ СО ОРГАНОТ ВО СОСТАВ

Министерството го сочинуваат организациски единици за потребите на министерството и орган во состав на министерството. Организациските единици за потребите на министерството се надлежни за вршење стручни работи во врска со вршењето на внатрешните работи за потребите на целото министерство.

Орган во состав на министерството е Бирото за јавна безбедност, задолжено за извршување на полициските работи, согласно одредбите од Законот за полиција и други закони. Со Бирото за јавна безбедност раководи директор, кој по предлог на Министерот за внатрешни работи го именува Владата на Република Северна Македонија.

## 9. ПРИОРИТЕТИ И ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ

Во функција на остварување на стратешките приоритети и цели на Владата согласно Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година во Министерството за внатрешни работи утврдени се осум стратешки приоритети и 17 приоритетни цели.

- Стратешките приоритети ***Модернизација на министерството за внатрешни работи и јакнење на капацитетите за непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите***, ***Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупција и реформи во насока на владеење на правото*** и ***Спречување на прекуграничниот криминал и илегалната миграција и контрола на реадмисија и остварување на правото на азил,*** ќе се остваруваат преку реализација на приоритетните цели:
  - имплементација на Стратегијата за вклучување и комуникација со заедницата 2024-2026 година;
  - справување со корупцијата и криминалот и обезбедување на владеење на правото;
  - зајакнување на капацитетите во борба против трговија со луѓе и илегална миграција;
  - воведување на средно полициско образование во Центарот за обука – двегодишно образование III и IV година;
  - изградба нов објект за спроведување на континуирани обуки, реконструкција и доградба на стрелиште од отворен тип;
  - ново стрелиште од затворен тип и нови спортски објекти за симулација и вежби во Центарот за обука;
  - спроведување  тест за проверка на професионалниот интегритет за вработените во МВР;
  - имплементација на родова еднаквост и обезбедување еднаков третман и можности во рамки на министерството;
  - зајакнување на капацитетите на специјализираните полициски служби.

- Стратешкиот приоритет ***Квалитетна подготовка на националната верзија на правото на Европска Унија***, ќе се остварува преку реализација на приоритетните цели:
  - презамање и примена на најдобрите ЕУ практики и стандарди;
  - афирмација на министерството на меѓународен план преку спроведување на билатералните и мултилатералните договори и соработка со меѓународни организации и регионални инцијативи;
  - успешно искористување на инструментот за претпристапна помош-ИПА преку учество на МВР во реализација на национални и регионални проекти;
  - подготовка на МВР во континуирано зајакнување на капацитетите во насока на Реформската агенда за имплементација на европските стандарди.
- Стратешкиот приоритет ***Зголемување на нивото на јавна безбедност, вклучувајќи ја и безбедноста на патниот сообраќај*** ќе се остварува преку реализација на приоритетната цел:
  - изградба и реконструкција на полициски станици од општа надлежност и подобрени материјално-технички средства за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата.
- Стратешкиот приоритет ***Соработка и воспоставување на заеднички стандарди за сајбер безбедност,*** ќе се остварува преку приоритетната цел:
  - справување со сајбер заканите со примена на нови технологии и мерки примена на нови технологии и мерки.
- Стратешкиот приоритет ***Поддршка на меѓународните напори за чување на мирот***, ќе се остварува преку целта:
  - имплементација на активностите за подготовка на идните НАТО цели.
- Стратешкиот приоритет ***Унапредување на законодавството во развојот на родова еднаквост и стратешки документи за превенција и заштита на жените од сите форми на родово базирано насилство, вклучувајќи го и семејното насилство,*** ќе се остварува преку приоритетната цел:
  - имплементација на родовата еднаквост и обезбедување еднаков третман и можности на жени и мажи во рамки на министерството.

## 10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2024 ГОДИНА

➢ Во рамки на стратешката програма РАЗВОЈ НА ПОЛИЦИЈАТА реализирани се следните активности:

- потпрограма ***Вклучување и комуникација со заедницата*** (активности од Стратегијата за вклучување и комуникација со заедницата 2024-2026 година):

  - за *развивање на соработката со Локалните совети за превенција* одржани се два состаноци со ЛСП, од кои еден во СВР Охрид за заштита од пожари на отворен простор, со претставници од сите засегнати институции, а другиот во општина Берово за комунални проблеми во општината и изнаоѓање начини за справување со нарушувањето на Јавниот ред и мир од поединци;

  - за *активно вклучување на Локалните совети за превенција во превентивни активности за развивање концепти за можни ризици за девијантни појави,* Отсеците за превенција и Одделението за превенција при СВР Скопје во континуитет преземаа активности во рамки на проектите: „Полиција и граѓаните заедно“, „Полицијата и учениците се дружат“, „Превенција и заштита од злоупотреба на пиротехнички средства и петарди”, поддржани со делење едукативни летоци, работилници и состаноци со целни групи. Исто така, на подрачјето на СВР Штип и СВР Охрид, беа одржани работни состаноци со ЛСП за рано препознавање на безбедносни закани, со учесници од локалната самоуправа, како и состаноци за превентивни мерки за заштита од пожари и спречување на настанување на пожари на отворен простор;

- во рамки на Отсек за управни работи-Куманово поставен е Инфо-Центар, кој треба да се стави во функција;
- се реновираат *просториите за прием на граѓани* во Одделението за управни работи-Скопје и Отсекот за управни работи и Отсекот за оружје – Струга, а отворени се канцеларии за управни служби во општините Липково, Јегуновце, Сарај и Желино;
- во однос *на спроведување на основна обука за нововработени ПС и континуирана обука за ПС во делот на превенцијата*, реализирана е основна обука за кандидатите за полициски службеници на тема „Комуникација со заедницата”, а за 28 вработени во Одделението за сообраќајни работи во СВР Битола, одржана е обука „Сообраќајни увиди”;
- од аспект *на одржување на редовни тематски состаноци со граѓаните* реализирани се превентивни кампањи и активности со здруженија на граѓани и институции на подрачјата на сите СВР, во делот на превенција и рано предупредување за заштита од пожари, насилство во училиште, семејно насилство, пиротехнички средства, користење на дрога, кражби и превенција во делот на сообраќајот. Покрај тоа, учествувано е и на конференција на тема „Улогата на родителите во

превенција и справување со насилство во училиштата„ во организација на Прва детска амбасада „Меѓаши“.

- потпрограма ***Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистички работи и сузбивање на организиран криминал***

- *за обезбедување на пристап до бази на податоци на институции надвор од МВР (АКН, УЈП и др.)* изработен е Нацрт-Меморандум за соработка помеѓу Министерството за финансии и МВР и одржан е состанок со претставници од Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал и Министерство за социјална политика, демографија и млади за можноста од проширување на пристапот и опсегот на податоци кои се разменуваат преку платформата за интероперабилност;
- за *зајакнување на капацитетите за водење на финансиски истраги*, вработени од Единицата за финансиски истраги присуствувале на трилатерален состанок на тема „Сузбивање на незаконско финансирање„ во организација на UNDC[1] во Виена, Австрија, а учествувано е и на 11 обуки од областа на финансиски истраги[2], како и на 20-то Генерално собрание на КАРИН во Париз, Р.Франција;
- за *јакнење на капацитетите за справување со корупција од среден и висок профил и поврзаност со кривични дела од организиран криминал,* полициските службеници од Единицата за корупција во најголем дел беа ангажирани за постапување по криминалистички обработки и наредби од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Основниот Кривичен суд, како и по известувања од Управата за финансиско разузнавање и Државната комисија за спречување корупција. Во тој контекст, од страна на Единицата поднесени се 18 кривични пријави против 113 лица и против четири правни лица, за кривичните дела „Злоупотреба на службена положба и овластување“, „Примање и давање награда за противзаконито влијание” и „Употреба на исправа со невистинита содржина”, „Несовесно работење во службата“, „Фалсификување на исправа”, „Овозможување бегство на лице лишено од слобода“„Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или за јавно-приватно партнерство“, „Оддавање на службена тајна“, „Злосторничко здружување“ и „Перење на пари или други приноси од казниво дело“;
- учествувано е на 15 обуки организирани од страна на меѓународни организации и амбасади, како и на Генералниот годишен состанок на оперативната мрежа за борба против перење на пари со седиштето на Europol, Конференцијата за

[1]United Nation Office on Drugs and Crime.

[2]организирани од Канцеларија за антитерористичка асистенција ICITAP на Дирекцијата за меѓународна безбедносна соработка на Министерство за внатрешни работи во Р.Франција, ILEA (International Law Enforcement Academy), UNDOC и Амбасада на САД, Италија и В.Британија и Германско друштво за интернационална соработка, а една произлегува од проектот Поддршка на ЕУ за владеење на правото – Компонента 2.

развој на новиот Регионален патоказ за борба против корупцијата и незаконските финансии и состанокот на регионалната компонента на Globe мрежата[3], како и на јавна расправа за предлог-измените на Законот за кривична постапка, во организација на Академијата за судии и обвинители, двете одржани во Скопје;

- формирана е меѓуресорска работна група за изработка на Меморандум за соработка меѓу Бирото за јавна безбедност и Управата за извршување, а изработен е и Нацрт-Правилник за собирање информации во казнено-поправни институции;
- за *зајакнување на човечките и техничките капацитети во борбата против трговија со луѓе и илегална миграција*, учествувано е на работилница на тема „Blueprint - Е докази на планот на подносителот„ во организација на Интек Системи во Скопје;
- во однос на *примена на проактивни методи базирани на криминалистичко разузнавање со откривање и идентификација на потенцијални жртви/жртви на трговија со луѓе,* учествувано е на две работилници на тема „Спречување и борба со нерегуларна миграција и криумчарење мигранти, Прашки процес„ во организација на МВР на Унгарија, а другата за „Заеднички истражни тимови како ефективна алатка за разбивање организирани криминални групи вклучени во криумчарење на мигранти„ во организација на Германската федерална полиција;
- за *обезбедување ефикасно откривање и гонење на сторителите на кривично дело трговија со луѓе и криумчарење на мигранти,* присуствувано е на едукативни активности, организирани од меѓународни и домашни организации и институции[4], како и на повеќе состаноци од областа за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе, како и за оперативните акции JAD GLOBAL CHAIN и Либертера. Исто така, учествувано е на настан „Превенција на трговија со цел трудова експлоатација, питачење и присилни малолетнички бракови", на годишно собрание „Програмски и финансиски извештај и проценка на потребите на жртвите од трговија со луѓе„ и на две студиски посети „Сузбивање на сексуално и родово базирано насилство во дигиталната сфера" во организација на UNDP во Сеул, Јужна Кореја и „Размена на искуства со француската национална канцеларија за борба против криумчарење мигранти и трговија на луѓе", во организација на регионалниот ИПА проект во Париз, Франција;

[3] Глобална оперативна мрежа на антикорупциските органи за спроведување на законот;

[4] ОБСЕ, Министерството за правда на САД, Амбасадата на САД, Меѓународен тренинг центар за превенција и борба против организиран криминал, Europol, Interpol, Совет на Европа, United Nation Office on Drugs and Crime, United Nations Development Programme and International Organization for Migration EU4FAST-WB, Министерство за социјална политика и демографија и млади и Отворена порта/La Strada.

- во рамки на *Проектот за поврзување на националната база за потраги по лица и возила со базите на податоци на Interpol за потраги по лица и возила,* реализирана е студиска посета во Генералниот секретаријат на Interpol во Лион, Франција, организирана од тимот на проектот EU4FAST-WB „Поддршка на ЕУ за зајакнување на борбата против криумчарењето мигранти и трговијата со луѓе во Западен Балкан во соработка со ГС на Interpol". Исто така, преземени се активности за изработка на новата верзија на алатката за автоматско пребарување во меѓународните бази на податоци на Interpol (FIND 3) за дополнителни можности за проверка во биометриски хаб (за отпечатоци и фотографии), базата за огнено оружје, како и пристап до алатка за поддршка при утврдување на автентичност на документи. Воедно, од Генералниот секретаријат на Interpol креирани се тест профили за FIND сервисот за пребарување по лица и документи и доставени се податоци за алатката. Од страна на Одделот за информатика и телекомуникации преземени се мерки и активности за интеграција на FIND сервисот на Interpol со ATSG системот преку кој се врши собирање и обработка на податоци за патници;
- за *анализата на потребата на ОСОСК за пристап до Interpol I 24/7 мрежата како и анализа за неопходна техничка опрема,* по одржаниот состанок на вработени во министерството/БЈБ со претставници од Interpol, направена е анализа и делумно е доделен пристап за проверки во меѓународните бази на податоци во системот на Interpol на корисници од Секторот за криминалистичка разузнавачка анализа и спроведена е обука. Воедно, Одделението на национално централно биро-Interpol–Скопје вклучено е во проектот Тестирање на мобилни уреди на Interpol, со што се овозможува проверка на возила и документи преку мобилни уреди;
- од аспект на *Унапредување на полициското работење водено од разузнавање – ILP,* од Биро за јавна безбедност доставена е нота и писмо за поддршка во реализација на активноста до претставници на проектот EU4FAST. Одржана е и средба на која е разгледана потребата од креирање софтверска апликација, како и надлежноста на Одделот за информатика и телекомуникации за апликацијата. Додека за подобрување на процесот на собирање и размена на информации, началниците на надлежните организациските единици и инспекторите за разузнавање одржуваат дневни средби со полициските службеници кои работат на терен и собираат информации. Воедно, учествувано е на работилница „Ревидирање на СОП поврзани со Акцискиот план на МВР за полициско работење водено од разузнавање" во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, произлезена од активноста „Евалуација на постоечки модел на ILP", при што изготвен е консолидиран текст на правни процедури кои се однесуваат на полициското работење водено од разузнавање;

- изработена е *Стандардна Оперативна Процедура за вршење на генерален и стручен надзор и контрола на работата на полицијата,* додека за изработка на *Стандардна Оперативна Процедура за воспоставување зајакната оперативна контрола на лица и објекти* до министерот доставен е Извештај со предлог материјата да биде регулирана со подзаконски акт со соодветен степен на класификација. Исто така, изработена е Програма за обука на командир, помошник командир, заменик командир, сменоводител и водич на безбедносен реон, а одржани се пет обуки за вработени во ЕВР Гази Баба, од кои обучени се вкупно 58 полициски службеници од ПС ОН на подрачјето на СВР Скопје.

- потпрограма ***Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на полициските работи од општа и посебна надлежност и за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата***
  - во новиот објект на Полициската станица од општа надлежност Аеродром поставена е кровна конструкција, а се врши и внатрешно уредување на објектот.
- потпрограма ***Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистичка техника***
  - спроведен е Годишен надзор за реакредитација на Одделот форензички испитувања од страна на Институтот за акредитација на РСМакедонија, при што реакредитирани се сите методи, а акредитирана е нова метода во лабораторијата за микро траги. Воедно, спроведено е надворешно тестирање за вработени во Одделот, за компетенции за форензички анализи за експлозиви, дрога од запленети материјали и етил алкохол во биолошки примероци, при што потврдено е дека вработените се компетентни за својата работа, а тестирањето е значајно за точноста на резултатите кои произлегуваат од Одделот. Исто така, учествувано е и на тестирања за: запленети контролирани наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори; етил алкохол во примероци крв; анализа, компарација и евалуација на отпечатоци од прсти; ракопис и потпис и детекција на хумани генски локуси;
  - се инсталира новиот AFIS систем, вклучувајќи го модулот за Автоматска размена на дактилоскопски податоци. Воедно, реализирана е посета на австриски експерт за проценка на статусот за опременост и интеграција, согласно Конвенција за полициска соработка на земјите од ЈИЕ. Во однос на тоа доставен е Извештај за предметната проценка, во кој целокупниот придонес на вмрежување на системите со податоци од ДНК и отпечатоци се оценува како напреден. Покрај тоа, одржана е средба со претставници на Министерство за дигитална трансформација, на која е договорено интензивирање за назначување контакт точка на државно ниво со Генерален Директорат за дигитални сервиси на Европската Комисија, како и потреба од инструкции за поврзување на системите со ДНК профили и отпечатоци од лица со мрежата на PCC-SEE. Во таа насока од Институтот за форензика на Р.Албанија, во организација на PCC SEE Секретаријатот одржан е online состанок на

работна група за имплементација на Договорот за PCC Prüm – автоматска размена на ДНК профили со експерти од сите земји-членки на PCC SEE[5];

- во насока на *доопремување на новиот објект на Оддел за форензички испитувања,* од страна на претставници на UNDP извршен е увид на просторијата наменета за стрелиште и одржани се координативни состаноци за имплементација на проектната активност „Интервенции и надградби во затвореното стрелиште". За реализација на проектот, беа ангажирани консултанти, при што изготвена е проектна документација, а завршени се сегментите кои се однесуваат на техничката функционалност на објекот. Воедно, склучени се договори со соодветни фирми за хемиските лаборатории и завршена е канцелариската преселба во новиот објект на две организациски единици од Одделот;
- во соработка со UNDP обезбеден е буџет за *простории за изведба на обука* за отстапување на две бараки во Центарот за обука и нивна пренамена во простории за обука на криминалистичко-техничкиот кадар и за истото избран е експерт за евалуација на потребите од градежни активности и тим од двајца француски експерти. Распоредена е донирана компјутерска опрема, како и несесери за истрага на место на настан и фотоапарати за потребите на Одделот.

- потпрограма ***Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на граничното управување и миграција***

- соработката и активностите со Frontex – EBCGA континуирано се одвиваат согласно договорот помеѓу РСМакедонија и Европската Унија за оперативни активности на Европската Агенција за гранична и крајбрежна стража– Frontex. Во рамки на заедничката операција North Macedonia 2023, Националниот координатор на операцијата активно учествува во работата на Меѓународниот координативен центар во Варшава, Полска. Во насока на реализација на активностите на JO North Macedonia 2024 од VEGA Проект, на Меѓународниот аеродром Скопје, периодично се распоредуваат претставници од Меѓународната организација за миграција (IOM). Покрај ова, продолжуваат активностите на заедничката операција JO Coordination Points 23 – Air, во чии рамки во континуитет се распоредува персонал на Frontex – EBCGA и странски униформирани полициски службеници на Меѓународниот аеродром - Скопје и на ГП Табановце. Исто така, од проектот за размена на персонал во организација на Frontex претставници од Одделот за гранични работи и миграции учествуваа на граничниот премин Капетан Андреево, бугарско-турската граница. Воедно, учествувано е на Годишен аналитички состанок на мрежата на национални координатори на Frontex, HUMINT Сесија за подигање на свесност за тим лидери и офицери за разузнавање во заедничките операции, Конференција за командири на аеродроми, како и на студиска посета на Националниот координативен центар на Eurosur во Романија, а во рамки на проектот FIELDS учествувано е на Пленарен состанок на високо

[5] Албанија, Австрија, БиХ, Бугарија, Хрватска, Унгарија, Молдавија, Црна Гора, Македонија, Романија, Србија и Словенија.

ниво за контрола на документи и идентитет и експертска група за контрола на документи и трета Регионална група за електронска размена на податоци поврзани со фалсификување на документи во рамки на проектот. Исто така, присуствувано е на IBM работна група во рамки на регионалниот ИПА проект „Понатамошна поддршка за зајакнување на капацитетите за гранична безбедност во Западен Балкан“, мрежата на жени во рамки на ИПА проект „Регионална поддршка за зајакнување на капацитетите за гранична безбедност во Западен Балкан“ и во работната група за експерти за фалсификувани документи во Гдањск, Полска. Покрај тоа, реализирани се обуки за: обучувачи за трговија со луѓе, национални тренери и оперативна програма за обука (Модул 5) - копнен и граничен надзор, наменети за полициски службеници кои учествуваат на заеднички операции во Frontex.

*Соработката со Europol* се остварува преку редовно следење на состојбата со илегалната миграција и прекуграничниот криминал на територијата на државата и регионот. Во таа насока, успешно се реализирани активности од Национални оперативни планови за ОА Libertera 2, ОА Pandora IX, ОА Превентива 2024 и ОА Чистач. Покрај ова, Граничната полиција редовно учествува на настани, состаноци, конференции и обуки[6] од таа област. Во рамки на проектот „Поддршка при превенција и сузбивање на криумчарење на мигранти и трговија со луѓе во земјите од Западен Балкан“ одржана е средба со делегација од Германската федерална полиција.

Во однос на стручно усовршување, вработени од Одделот учествуваа на обуки од областа за гранично управување и миграции, како и обуките од родов аспект за „Лидерство и менаџмент за жени во институциите“ и 38-от курс за граничен менаџмент за жени лидери на средно ниво.

Редовно се реализираат средбите со граничните служби на Албанија, Косово, Бугарија и Србија согласно билатерални договори и утврдената динамика, како и во зависност од потребите и случувањата на терен. Во тој контекст, реализирани се 217 средби, 298 контакти, 1.122 разменети информации и 487 мешани патроли.

Заедничките контакт центри за полициска соработка со Албанија, Бугарија, Србија и Косово нормално функционираат, преку кои се остварува размена на информации, испраќање пораки за рано предупредување и други потребни информации, со цел заедничка борба против сите форми на организиран прекуграничен криминал;

[6]организирани на принцип на видео–телефонски состаноци од страна на Европската Комисија, Европски Агенции или во рамки на тековните проекти, OSCE, IOM и UNDC

- од аспект на *зајакнување на оперативните капацитети, материјално–техничкото опремување на припадниците на Граничната полиција,* реализирани се поголем број донации за техничка опрема од страна на UNDP, SEESAC[7] и амбасадата на Германија во Скопје.

- потпрограма ***Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на специјализираните полициски служби***
- за *зајакнување на капацитетите на Одделот за обезбедување и заштита на одредени личности и објекти* учествувано е на работилница „Зајакнување на заштитата на јавниот простор и критичната инфраструктура„ во рамки на IPA регионалниот проект, во организација на CIVIPOL и МВР на Франција и на обуки за користење на службено оружје, противпожарна заштита и за животоспасувачи, како и на обука за заштита на ВИП личности и инсталации, одржана во Каиро, Египет. Воедно, реализирана е испорака на осум патнички моторни возила и комбе;
- за *зајакнување на капацитетите на Одделот за специјални полициски операции,* реновирана е механичарската работилница во Единицата за брзо распоредување;
- за *зајакнување на капацитетите на аеродромска полициска база*, изработен е Предлог Планска програма за аеродромска полициска база од Агенцијата за за планирање на простор.

➢ Во рамки на стратешката програма **УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ НА МВР** реализирани се следните активности:

- потпрограма ***Воведување систем за управување со документи (DMS)***
- во рамки на проектот „*Документ менаџмент систем*“ завршени се активностите за поставување на работните процеси во системот за електронска дистрибуција во кабинетот на министерот и директорот на БЈБ и во Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал. Во организациските единици за потребите на министерството и БЈБ (во седиштето на МВР) кои го користат електронскиот деловодник за непречено функционирање на системот за архивско работење, прилагодени се работните процеси со измена на корисници и кориснички групи и процесот за електронски образец на оперативна информација, како и отпочнат е процес за поднесување на оперативна информација во Секторот за криминалистичко разузнавачка анализа. Исто така, реализирана е обука за поднесување на оперативна информација во сите канцеларии во организациска единица во ОСОСК. Согласно активностите од проектот, формирана е работна група за

[7] South Eastern and Eastern Europe Clearinghouse for the Control of Small Arms and Light Weapons.

изработка на Е-каталог за стандардизација на Планот на архивски знаци на министерството. Воедно, за сите помошници на министерот и директорот на БЈБ овозможен им е пристап до линк од дигиталниот процес. За *приклучување на сите СВР со дигитализација на работењето преку електронски документи и процеси* направена е анализа на дигиталниот процес за Секторите за внатрешни работи и нивно вклучување во процесот.

- потпрограма ***Управување со човечки ресурси***

- за *воспоставување на Мерит системот за кариерно унапредување,* во постапка е донесување на нов Законот за внатрешни работи, кој е во фаза на Проценка на влијанието на регулативата.

- потпрограма ***Унапредување на системот за обука на вработените во МВР***

- во Центарот за обука, *започнато е реновирање* на третиот павилјон, а целосно се реновирани и ставени во функција Управната зграда на Центарот, комплекс канцеларии и дел од училници, додека останатите училници се во фаза на реновирање;
- за *поттикнување на развојот на дигитален систем за обука со високи перформанси,* во континуитет се изработуваат Е-курсеви за вработените во МВР и истите се прикачуваат на Системот за управување со учење на интранет порталот на МВР;
- за *вклучување на обуките во системот на кариера,* изработен е нацрт-Годишниот календар за обуки од страна на работната група за Стратешките определби на министерството 2023-2025 година за Центарот за обука и организациските единици за управување со човечки ресурси;
- изработени финални нацрт-текстови за *Методологијата за приоретизирање на потребите од обуки и Прирачникот за планирање на приоритетните обуки* (активност од Стратешката определба за управување со човечки ресурси).

- потпрограма ***Надградба на телекомуникациски и информатички систем во МВР***

- во ИПА проектот *Воспоставување на ИКТ центар за континуитет во работењето и опоравување од катастрофа* континуирано се следи оперативноста на имплементираните системи, со цел навремено решавање на евентуално настанат проблем при нивното функционирање;
- во рамки на проектот *Подобрување на компјутерската инфраструктура на МВР*, редовно се следи *функционалноста на инсталираната опрема од ИТ системот;*
- проектот *Оптичка мрежа на МВР* **е реализиран**, односно завршени се активностите од последниот сегмент од трасата во должина од 25km. на територија на општина Прилеп, при што поставен е оптичкиот кабел во цревото и неговото спојување до крајната точка во Центарот за опоравување од катастрофи Прилеп;

- за проектот *Зголемување на мрежната безбедност од сајбер напади*, изработена е техничката спецификација за набавка на безбедносна опрема и истата е доставена до Одделот за општи и заеднички работи.

- потпрограма ***Реализација на активности кои произлегуваат од членство во НАТО и безбедност на информации***

- во *насока на имплементација и спроведување на активностите кои произлегуваат од членството во НАТО,* учествувано е во работата на координативното тело за спроведување на политиките на НАТО за градење на отпорност, во Работниот комитет и Советот за координација на активности поврзани со членството во НАТО. Воедно, формиран е Управен комитет и координативно тело за спроведување на активностите за поддршка на земјата-домаќин. Исто така, МВР во континуитет ги поддржува НАТО трупите при влез, престој, транзит, стратегиски транспорт, како и спроведување на активности за меѓународната вежба Troyan- Footprint и други вежбовни активности согласно Одлуката на Владата на РСМакедонија. Во контекст на основните побарувања на НАТО, учествувано е на работилница „Градење на отпорност", во организација на Министерството за одбрана на РСМакедонија и САД, како и на online состанок на истата тема. Покрај тоа, одржан е состанок со командантот, заменик командантот и офицерот за врски на Воената полиција на КФОР. Воедно, партиципирано е во работата на Координативното тело на НАТО за справување со кризи и изработката на Договорот за размена и взаемна заштита на класифицирани информации помеѓу нашата држава и Латвија. Учествувано е на регионалната вежба за справување со кризни состојби во НАТО-контекст; НАТО симпозиумот; предавање на тема „Справување со хибридни закани и други форми на современи безбедносни ризици во МНР"; меѓуагенциска работилница TTX (TABLETOP EXERCISE) „Унапредување на отпорноста на РСМакедонија, согласно седумте линии на отпорност на НАТО„ организирана од Министерство за одбрана и амбасадата и експертски тим од САД; работилница„ Изработка на план за управување со настани со масовни жртви согласно седумте линии на отпорност на НАТО", како и во проектот „Советодавна поддршка за НАТО на Обединетото Кралство". Во рамки на МВР одржан е годишен брифинг за реализираните активности за 2024 година како и планираните активности за 2025 година;
- во однос на *активности за реализација на Партнерската цел од програмата на НАТО-Стабилизација и реконструкција* упатени се двајца полициски службеници на обука за мировни операции во полицискиот тренинг центар во Каиро, Египет;
- од аспект на *безбедност на класифицирани информации* во координација со Оддел за информатика и телекомуникации отпочнати се активности за набавка на безбедносно сензитивна опрема за заштитен пренос на класифицирани информации во електронска форма. Воедно, реализирана е обука за криптозаштита за потребите на Министерство за Одбрана/

Генералштаб, како и обуки за потребите на организациските единици на МВР/БЈБ кои работат со класифицирани и лични податоци на теми „Безбедност на класифицирани информации во МВР" и „Заштита на лични податоци во МВР".

- потпрограма ***Зајакнување на капацитетите за внатрешна контрола, професионални стандарди и спроведување на антикорупциска програма*** - во рамки на проектот *Промоција на интегритет и добро управување во земјите од Западен Балкан* реализирани се активностите:

- за *зајакнување на вештините од ОВККИПС при спроведувањето на тестот за професионален интегритет* во Призрен, Косово, одржана е регионална средба на службите за внатрешна контрола од Македонија, Албанија, Косово и Црна Гора, во организација на Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Норвешка. Остварени се средби со норвешки експерти во насока на размена на идеи и искуства за спроведување на студија за етнички дилеми и нивото на свест при спроведување на тестот за интегритет;
- за *подобрување на системот за управување со човечки ресурси,* започна да се применува Прирачникот за обука за лидерство во полицијата, како дел од наставните програми на Центарот за обука. Во тој контекст спроведена е обука на тема „Лидерство" од страна на обучувачите на министерството обучени од Центар за интегритет во одбранбениот сектор од Норвешка. Согласно Планот на обуки за управување со човечки ресурси донесен од организациските единици за УЧР на МВР/БЈБ одржани се обуки на теми „Критериуми за прием на работници", „Интервјуирање на работници" и „Критериуми за распоредување на работници", на кои присуствувале вработени од двете организациски единици за управување со човечки ресурси МВР/БЈБ и Центарот за обука.

## 11. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2025 ГОДИНА

➢ Во рамки на стратешката програма РАЗВОЈ НА ПОЛИЦИЈАТА реализирани се следните активности:

- потпрограма ***Вклучување и комуникација со заедницата*** (активности од Стратегијата за вклучување и комуникација со заедницата 2024-2026 година):
  - за *промоција и споделување на добри практики од работењето на ЛСП,* од страна на вработени во Отсеци за превенција одржани се неколку работни средби со Локални совети за превенција и тоа со ЛСП во ОВР Берово, на која се дискутирало за носење одлуки за постапување при шумски пожари, со претставници од ОБСЕ, средби со градоначалниците на општините Велес, Чашка, Росоман, Кавадарци и Неготино, со цел иницирање и формирање локални совети за превенција, учество на првата конститутивна седница на Локалниот совет за превенција во Општина Тетово, како советодавно и координативно тело за унапредување на јавната безбедност и градење доверба меѓу институциите и граѓаните. Покрај ова, од страна на надлежната организациска единица за односи со јавност и протокол, самостојно или во соработка со СВР-а, континуирано спроведувала превентивни активности од различни тематски содржини во насока на превенција и информирање на граѓаните;
  - во однос на *полициското работење во заедницата,* од *аспект на активно вклучување на ЛСП за навремено реагирање при инциденти и настани,* во континуитет се одржуваа работни состаноци со претставници од локалната самоуправа, со цел подигнување на свеста за значењето, преземањето и ставањето во функција на ЛСП. За *активно ангажирање на ЛСП и развивање превентивни активности и концепти за можни ризици од појава на асоцијални и девијантни однесувања*, преку проектите „Полиција и граѓаните заедно“ и „Полицијата и учениците се дружат“, континуирано се реализираа едукативни и промотивни активности со целни групи (авто школи, обложувалници, казина, агенции за обезбедување), како и преку кампањи „Заштита од провални и дрски кражби“, „Застани и разговарај“, „Заштита од измами“, „Стоп за возење под дејство на алкохол“, „Стави појас – вози безбедно“, „Зимска кампања“ и други, поддржани со разговори со граѓани и дистрибуција на едукативни и промотивни флаери;
  - за *подобрување на условите на простории за прием на граѓани,* дел од просториите на Одделението за управни работи-Скопје се реконструирани и истите на 10.06.2025 година се ставени во функција. Дополнително, отворени се нови канцеларии за управни работи во општините Липково, Јегуновце, Сарај и Желино, со што се подобри пристапот до услугите за локалното население;

- од аспект *на одржување на редовни тематски состаноци со граѓаните,* реализирани се бројни едукативни, координациски и сообраќајно-превентивни активности, со цел унапредување на безбедносната култура, сообраќајната свест и спречување на криминал и девијантно однесување. На подрачјето на СВР Скопје се реализирани сообраќајно-превентивни активности и акции насочени кон контрола на флешери, затемнети стакла, користење мобилни телефони и безбедносни појаси, како и кампањи „Стави појас“, „Сите сме пешаци“, „Носи кацига“, „Безбедно на е-тротинет“, „Вози безбедно“ и активности за матуранти, реализирани во соработка со Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата. Дополнително, спроведени се едукативни активности во основни и средни училишта во Скопје, работилници со Шведската полиција и како и координативни состаноци со образовни установи;
- во однос на *унапредување на соработката со медиумите и овластените лица за комуникација со јавноста,* спроведени се обуки и работилници за полицијата и медиумите, во кои беа вклучени претставници од МВР во делот за односи со јавност, локалните сектори за превенција и медиумски работници со поддршка на ОБСЕ, а во насока на зајакнување на соработката меѓу заедницата, МВР и Јавното обвинителство. Воедно, учествувано е и на регионална работна група за зголемување на свеста во рамки на проектот „Поддршка за зајакнување на борбата против недозволено поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје во Западен Балкан“, одржана во Јахорина, БиХ.

• потпрограма ***Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистички работи и сузбивање на организиран криминал***

- за *развивање на капацитетите за водење на криминалистички истражувања,* обезбеден е пристап до кривичната и казнената евиденција на судовите, а во почетокот на јули 2025 година, претставници од Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал учествуваа на работен состанок во Агенцијата за вработување, со цел допрецизирање на измените и дополнувањата на Меморандумот за соработка помеѓу МВР и Агенцијата за вработување. За *зајакнување на капацитетите за водење на финансиски истраги* во делот на обуките во земјава и странство, полициски службеници учествуваа на повеќе меѓународни обуки, работилници, оперативни акции и координативни состаноци, меѓу кои: обука за финансиски истраги за транснационален криминал и перење пари, обуки за борба против фалсификување валути, сајбер патролирање поврзано со фалсификувана валута, интелектуална сопственост во рамки на проектот „Партнерство против криминалот и тероризмот“, обука во организација на Француската Амбасада, регионални работилници за справување со корупција и нелегални финансиски текови, обуки за заеднички истражни тимови во рамки на проектот „Кривична правда за Западен Балкан“, како и студиски посети и форуми организирани од ОБСЕ, ЕМРАКТ, Европол, ЦЕПОЛ и други

меѓународни партнери. Исто така, за *јакнење на капацитетите за справување со корупција од среден и висок профил и поврзаност со кривични дела од организиран криминал,* од страна на Единицата за корупција е постапувано по предмети по наредби и пријави од ОЈО ГОКК, ОЈО Скопје, судови, граѓани и институции (УФР, УЈП, ДКСК и други), при што поднесени се кривични пријави против физички и правни лица за кривични дела „Злосторничко здружување“, „Злоупотреба на службена положба и овластување“, „Перење пари“, “Злоупотреби во јавни набавки„ и „Пустошење на шуми“, со причинета штета од повеќе милионски износ. Вработени во Единицата беа вклучени и во комплексни предмети и оперативни акции, меѓу кои и истрагата за инцидентот во Кочани и акцијата „Темел“. Со цел унапредување на стручноста, полициски службеници учествуваа на повеќе обуки, работилници, конференции и меѓународни состаноци, вклучително и конференција на Европол во Хаг и активности во рамки на GlobE Network;

- за мерката *Креирани процедури за собирање на разузнавачки информации во затворите,* продолжуваат активностите за изработка на Правилник за собирање информации во КПУ, при што се прибирани информации за состојбите и можни противзаконски активности на осудени, притворени и вработени лица, а работната верзија на Меморандумот за соработка е во завршна фаза. Во насока на подобрување на работата на КПУ и подобрување на соработката меѓу Управата за извршување на санкции и МВР, од страна на МВР дадено е мислење за Предлогот и дополнувањето на Законот за извршување на санкции;
- за *јакнење на капацитетите во борбата против тероризмот,* од аспект на воведување нови техники и технологии во интернет истрагите, формирана е меѓуресорска работна група за подготовка на Закон за следење на online радикализација од отворени извори, во која покрај претставникот од МВР, учествуваат и претставници од АНБ, Агенцијата за разузнавање, Министерството за одбрана и Министерството за правда;
- во насока на *зајакнување на човечките и техничките капацитети за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција,* учествувано е на повеќе специјализирани обуки, работилници и конференции во земјава и странство, меѓу кои: обука „Предизвици на регионално ниво во трговијата со луѓе – online“, обука за борба против трговија со луѓе и криумчарење мигранти, обука за користење дронови, обука за препознавање безбедносни карактеристики на е-пасоши, како и целни обуки за истражни техники и дигитални истраги реализирани во соработка со Амбасадата на Франција, IOM и CEPOL;

- за *воспоставување и зајакнување на меѓународната соработка и координација помеѓу релевантните државни институции и здруженија на граѓани во областа на трговија со луѓе и илегална миграција,* реализирани се активности за унапредување на заедничкото дејствување и размена на информации со регионални партнери. Учествувано е на оперативен состанок, организиран од SELEK во Србија, посветен на координација на активности и размена на информации за конкретна истрага против организирана криминална група, инволвирана во криумчарење мигранти. Присуствувано е и на годишен состанок на Национални координатори за борба против трговијата со луѓе и ударни групи од Западен Балкан, организиран од Меѓународната организација за миграции (IOM), со цел зајакнување на регионалната координација и споделување добри практики;
- за *зајакнување на капацитетите за навремено и ефикасно откривање и идентификација на потенцијални жртви/жртви на трговија со луѓе,* за *примена на проактивни методи базирани на криминалистичко разузнавање со цел навремено откривање и идентификација на потенцијални и реални жртви на трговија со луѓе*, учествувано е на повеќе регионални и меѓународни обуки, работилници и состаноци, фокусирани на заштита на жртви, присилен криминал, дигитално олеснување на криминалот и современи истражни методи, организирани од IOM, UNODC и други меѓународни организации. Покрај тоа, за *обезбедување на ефикасно откривање и гонење на сторителите на кривично дело Трговија со луѓе и Криумчарење мигранти,* учествувано е на 19 настани во земјава и странство, организирани од национални и меѓународни институции;
- за *зајакнување на капацитетите на Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал,* продолжува соработката со Управата за јавни приходи, која ќе врши проверки во базите на податоци на НКЦСОСК (МВР, УФР, УЈП, УФП и ЦУ), според член 76 и 77 од Законот за данок на доход;
- за *зголемување на капацитетите на национално ниво за пристап до меѓународните бази на податоци,* во тек е изработка на развојна алатка за автоматско поврзување на националната база за потраги по лица и возила со базите на податоци на Интерпол, при што е завршен модулот за потрага по возила и огнено оружје. Воедно, завршена е автоматската интеграција со глобалната биометриска база на Интерпол;
- во однос на *поврзување на ОСОСК со ИНТЕРПОЛ I 24/7 мрежата,* изработена е анализа на потребите и техничките предуслови за доделување пристап на корисници од ОСОСК до системот на ИНТЕРПОЛ I-24/7;
- за *унапредување на полициското работење водено од разузнавање-ILP,* изработен е Акциски план и спроведена е обука за прибирање оперативни информации на полициски службеници во сите СВР и РЦ за ГР. Одржани се месечни работни

состаноци за креирање и доработка на база на податоци „Интел Дата". Во СВР Велес и Струмица започнат е пилот проект за електронска евиденција на полициски информации (ЕПИРЦ), со пристап за обучени службеници, а се води и хартиена евиденција. Формирана е работна група за ревидирање на Правилникот за информатори. Во организација на OSCE, одржана е работилница за ревидирање на СОП со учество на повеќе институции, каде беа предложени активности за консолидирање на упатства и СОП за полициско работење со заедницата. Мисијата на OSCE донираше ИТ опрема за единиците за криминалистичко разузнавање и анализа.

- потпрограма ***Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на полициските работи од општа и посебна надлежност и за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата***

- од аспект на *изградба и реконструкцијата на полициски станици* и *реконструкција на просториите за задржување во ПС,* во новиот објект на ПС ОН Аеродром, се работи на надворешна изолација и фасада, а истовремено и на внатрешни активности во објектот;
- *за јакнење на капацитетите на ПС ОН,* доставена е техничка спецификација за набавка на ПМВ, интервентни возила, уреди и опремата со која треба да располагаат истите;
- *за зајакнување на капацитетите за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата,* доставена е техничка спецификација за набавка на батериски ламби, стримови и резервни делови за батериски ламби. Покрај тоа, извршена е распределба на 23 мотоцикли по надлежни организациски единици, набавени од страна на РСБСП.

Во рамки на оваа потпрограма преземени се активности и од **проекти предвидени во Програмата за работа на Владата 2024-2028 година и тоа:**

- *Набавка на нова редизајнирана униформа на полицијата,* при што на 09.04.2025 година склучени се рамковни спогодби за набавка на униформа за специјалните полициски служби по спроведена отворена постапка и тоа за дел 1-еднобојна униформа, со *Памитекс Тим ДООЕЛ-Скопје*, а за дел 2-униформа во шара, со *Ле Бранд Дизајн ДООЕЛ увоз-извоз Битола*;
- *Набавка на возила и набавка на опрема на возила,* набавени се 120 возила за потребите на полицијата;
- *Објекти во фаза на градба, адаптирање и реконструкција*, во насока на *подобрување на условите за работа*, покрај изградбата на новиот објект на ПС Аеродром, продолжува реконструкцијата и адаптацијата на објектот МРТВ приземје, кој го користи МВР, реконструирани се одморалиштата на МВР во Охрид и Крани, а во рамки на објектот Пониква – Кочани се изградени нови спортски терени (донација од Агенцијата за млади и спорт);

- *Реконструкција и изградба на нови објекти*[8], во тек е изработка на планска документација за изградба на нов објект во населба Кисела Вода – Скопје, финализирање на проектната документација за објект Катна гаража на МВР, како и преземање активности за уредување на имотно-правната документација за објектот „11-ти Октомври“ и за дел од објектот „Бутел“, кој се користи за потребите на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

• потпрограма ***Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистичка техника***

- за *Акредитација на форензичките лаборатории*, извршена е техничка измена на интерните документи од системот за квалитет во акредитираните лаборатории, а во некои лаборатории направена е и комплетна ревизија на содржината во интерните документи, обврска произлезена по промената на името и логото, како и систематизацијата на Одделот за форензички испитувања. Во тек е континуирано одржување на системот за квалитет, со изработка на нови работни Упатства во Одделението за регистрација и ДНК идентификација на лица, изменување на работни Упатства во општата рамка на системот, како и подготовка на нови технички Процедури и работни Упатства во Одделението за детекција на хумани идентификациони траги. Во тек е тестирање од обласа на алкохолометрија, со учество во втора рунда на тестирањето за етил алкохол и четири теста за дроги од UNODC – Виена. Учествувано е и во ENFSI тест за оспособеност и ACE collaborative exercise 2025, а лабораториите за ДНК успешно реализираа GEDNAP 70 и 71 тестови, вклучувајќи и Y-хромозом анализи. Истовремено, реализирани се меѓулабораториски и колаборативни вежби со Форензичкиот центар Подгорица, Форензички научен центар „Иван Вучетиќ“ – Р. Хрватска, како и надворешно тестирање за механоскопија;
- за *имплементација на Договорот за мини Прум во рамките на КПС ЈИЕ,* инсталираниот CODIS софтвер е во функција и се планира негово активно користење со внес на ДНК профили. Во тек е подготовка за миграција на ДНК профилите од постоечкиот систем eQMS::DNA во CODIS, а новиот AFIS систем е технички подготвен за меѓународна размена на дактилоскопски податоци. Претставници од Одделот активно учествуваа на состаноци на тематските работни групи за практична и техничка имплементација на Договорот Прум и мини Прум;
- во насока на *доопремување на новиот објект на Оддел за форензички испитувања,* одржан е работен состанок со претставници од UNDP како носители на проектот „Зајакнување на капацитетите на системот за форензика и истрага на местото на настанот за подобрување на кривично-правната контрола на мало и лесно оружје“. За *создавање предуслови за*

[8] за капиталните инвестиции во Центарот за обука е информирано во делот на ***унапредување на системот за обука на вработените во МВР*** од освртот.

*трансфер на преостанатите лаборатории,* компаративните микроскопи во Одделението за балистика, пожари и експлозии, како и Одделението за токсикологија и droги се дислоцирани во новата зграда на ОФИ.

- во рамки на *Стратегијата за натамошен развој на капацитетите на криминалистичка техника на регионално и локално ниво 2020-2025 година,* распределена е донирана компјутерска опрема по регионалните Отсеци за криминалистичко-технички увиди и прелиминарни анализи. Опремувањето на лабораториите на локално ниво е целосно реализирано. Во делот на обуките, изработен е проект за реконструкција, адаптација и пренамена на простории во Центарот за обука – Идризово, подготвен е елаборат и генерални инструкции за користење на затвореното стрелиште, а од страна на Одделот се изготвени и презентирани предлог наставни програми за основна и континуирана обука на криминалистичко-техничките работници и униформираните полициски службеници, со цел нивна имплементација во координација со Центарот за обука и ОБСЕ за унапредување на националните форензички капацитети.

- потпрограма ***Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на граничното управување и миграција***

- за *унапредување на прекуграничната полициска соработка, со Frontex – EBCGA* соработката се одвива континуирано согласно договорот помеѓу РСМакедонија и ЕУ за оперативни активности на Европската агенција за гранична и крајбрежна стража, во делот на анализа на ризик, размена на информации и податоци, ситуациска свесност, враќање, развој, истражување и обука, како и преку заеднички оперативни активности. Во рамки на заедничката операција JO Coordination Points 24-Air, континуирано се распоредува персонал на Frontex и странски униформирани полициски службеници на Меѓународниот аеродром – Скопје. Во рамки на JO North Macedonia 2023, персонал на Frontex и странски полициски службеници континуирано се распоредуваат на Контакт точката Табановце, а операцијата се одвива и на јужната граница, вклучувајќи ги ПС за ГП Богородица, Стар Дојран и Меџитлија. Учествувано е на годишни оперативно-координативни состаноци, работни групи, конференции, обуки и курсеви во Финска, Полска, Австрија, Холандија, В.Британија, Албанија, БиХ, Црна Гора, Словенија и Србија. Исто така, учествувано е во ИПА проект „Регионална поддршка за зајакнување на капацитетите за гранична безбедност во Западен Балкан", конференција за трговија со луѓе во Полска, како и разменски програми на персонал: Staff Exchange land 2025 во Капетан Андрево и Staff Exchange air 2025 во Данска. Редовно се разменуваат информации со *EUROPOL* за состојбата со илегалната миграција, а граничната полиција активно учествува во меѓународни активности и оперативни акции, како и во бројни активности поврзани со граничен менаџмент, борба против трговија со луѓе и заштита на човековите права, организирани од Европската комисија, европски агенции и проекти. *Прекуграничната полициска соработка* со соседните земји се реализира преку 664 мешани патроли, 526 работни средби и

размена на 1130 информации во рамки на *Заедничките контакт центри.* Заедничките контакт центри со Р.Албанија, Р.Србија, Р.Бугарија и Косово функционираат редовно, додека со Р.Грција сè уште не е воспоставен контакт центар;

- во тек се градежните активности за повторно ставање во функција на *ГП Маркова Нога,* кои се започнати од март 2025 год.

- потпрограма ***Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на специјализираните полициски служби***
  - *за зајакнување на капацитетите на Одделот за обезбедување и заштита на одредени личности и објекти,* реализирана е испораката на *возила за потребите на Одделот.* Во наведениот период, вработени од Одделот учествуваа на повеќе едукативни активности и тоа на две работилници во рамки на ИПА проект „Зајакнување на заштитата на јавните простори и критичната инфраструктура“, одржани во Сплит, Хрватска; на обука за тактичка прва помош, против диверзии, работа со рендген и метал детектор апарати, како и препознавање и откривање експлозивни средства, организирана од Амбасадата на САД во земјава, во Центарот за обука; на обука за заштита на ВИП личности и витални инсталации во Каиро, Египет, во организација на Амбасадата на САД. Покрај ова, спроведена е основна и напредна обука за животоспасител, во Воено-медицинскиот центар на АРМ, а во континуитет се спроведува обука по англиски јазик во Касарна „Илинден“, Скопје;
  - за *зајакнување на капацитетите на Одделот за специјални полициски операции*, во полицискиот центар „Ѓорче Петров“ реконструиран е кровот на работилницата и на гаражата на паркинг просторот за Единицата за брзо распоредување. Исто така, реновирани се санитарните јазли, направено е преградување на веќе постоечки канцеларии, како и реновирање на делови во објектот на Единицата за интервентна полиција. Покрај ова, набавена е комплет санитарија, системи за инсталација и градежно-молерски материјали, потребни за реконструкција на објектите во полицискиот центар „Ѓорче Петров“. Во САЕ-Тигар е реновирана механичарската работилница;
  - *зајакнувањето на капацитетите на Аеродромската полициска база* се одвива преку решавање на имотно-правниот статус, при што Министерството за транспорт и врски донесе Решение за подобрување на Планската програма за изработка на Урбанистички план за Аеродромската полициска база, изработен од Агенцијата за просторно планирање.

➢ Во рамки на стратешката програма УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ НА МВР реализирани се следните активности:

- потпрограма ***Воведување систем за управување со документи (DMS)***
  - реализиран е проектот „*Документ менаџмент систем*" *(опфатен во Програмата за работа на Владата 2024-2028 година под назив Системска дигитализација на процесите во Министерството за внатрешни работи),* со што и **потпрограмата е реализирана.**
- потпрограма ***Управување со човечки ресурси***
  - **оваа потпрограма** со донесување на новиот *Закон за внатрешни работи* **е реализирана.**
- потпрограма ***Унапредување на системот за обука на вработените во МВР***
  - за *реновирање на сместувачките капацитети во Центарот,* завршено е реновирањето на спортските сали и павилјоните 3 и 4, објектот „Школо" и Управната зграда во центарот;

Преземени се активности од *стратешката определба на МВР за унапредување на областа со Центарот за обука и тоа:*

- целосно е пуштен во функција Мултимедијалниот центар, наставничките простории во Центарот се поврзани со интернет мрежата на МВР, каде воедно се поставени и IP телефони;
- спроведени се обуки од обучувачи за вработени во МВР, кои ќе бидат распоредени на работни места со статус полициски службеници, а изработена е и наставна програма за раководење, наменета за вработени кои ќе бидат распоредени на раководни работни места.

- потпрограма ***Надградба на телекомуникациски и информатички систем во МВР***
  - во ИПА проектот *Воспоставување на ИКТ центар за континуитет во работењето и опоравување од катастрофа,* редовно се *следи работата на системите и подобрување на функционалностите*;
  - во рамки на проектот *Подобрување на компјутерската инфраструктура на МВР,* се изработуваат технички спецификации за набавка на нова периферна компјутерска опрема, надградба на персоналните компјутери за подобрување на функционалноста, како и надградба на оперативните системи со понова верзија. Редовно се *следи работата на инсталираната опрема* и се одржува системскиот софтвер и хардверската платформа во Дата центрите во Скопје и Прилеп. Воедно, се врши надградба на оперативните системи со понова верзија, како и надградба на персоналните компјутери за подобрување на функционалност, а се врши изработка на технички спецификации за набавка на нова компјутерска опрема. За *ревизија на лиценци за системски и развиен софтвер,* изработени се технички спецификации за набавка на лиценци и

продолжување на поддршката;

- за проектот *„Зголемување на мрежната безбедност од сајбер напади“* набавена е безбедносната опрема со потребни лиценци за три години, завршен е процесот на инсталирање на опремата, секојдневно се врши мапирање на уреди и решавање на сајбер инциденти. Системот е во фунцкија и се развива инфраструктурата и алатките за сајбер безбедност;
- за проектот *„Воспоставување на систем за пренос на класифицирани податоци“,* по спроведена постапка за јавна набавка на нов систем, опремата е доставена во МВР, завршени се планираните обуки за лицата кои ќе управуват со системот, а набавената опрема се имплементира во сите СВР. Се прават почетни поставувања и конфигурирања на безбедносната мрежа;
- од проектот *„Воспоставување на дигитален мобилен систм на 4G/5G широкопојасни технологии“,* за имплементација на мобилен систем за пренос на видео и проверка на лица и возила, одржани се состаноци со мобилни оператори и АЕК, а разгледани се неколку технички предлог решенија за инсталација на опрема и вмрежување;
- за проектот *„Воспоставување на систем за повикување“,* изработена е техничка спецификација, а во тек е постапка за јавна набавка;
- за проектот *„Подобрување на мобилниот систем за снимање камери“,* по спроведена постапката за јавна набавка набавената опрема е испорачана и истата се доставува до организациските единици во МВР;
- за проектот *„Оптимизирање на Центарот за опоравување од катастрофи за сите државни институции и други субјекти“,* континуирано се остваруваат контакти со надворешни заинтересирани државни институции со увид на просторните услови на лице место;
- за проектот *„Подобрување на техничката безбедност на полициските станици“,* изработена е техничка спецификација на системот *за видео надзор, контрола на пристап и резервно напојување во повеќе полициски станици*, во тек е постапка за спроведување јавна набавка.

Во рамки на оваа потпрограма преземени се активности и од **проекти предвидени во Програмата за работа на Владата 2024-2028 година** и тоа:

- во рамки на *„Безбеден град“,* направени се финални подготовки за поставување на тестна околина за пуштање во функција на системот за евидентирање и наплаќање на сообраќајни прекршоци и почнување на процес на тестирање кон граѓаните од месец декември 2025 година. Воедно, ставен е во продукциска околина комплетниот систем за регистрирање на сообраќајни прекршоци и се корегираат пројавени неправилности и технички аномалии произлезени од процесот на

тестирање спрема граѓаните во реално време од месец декември.;

- во *„One stop shop“,* реализирано е поврзување со косовскиот граничен систем на ГП „Блаце“, со софтверско решение за гранични проверки од една точка, кое и официјално е пуштен во функција. Започнато е со поставување и инсталација на потребната мрежна опрема за ГП Табановце, а извршено е целосно телекомункациско поврзување на овој граничен премин. Покрај тоа, во употреба е ставен системот „One Stop Shop“ гранични проверки од една точка на ГП Јажинце. Направена е надградба на софтверското решение за подобро функционирање на „One stop shop“. Сетирана околина со неопходната техничка опрема и софтверски решенија за непречено функционирање на системот. Се преземаат тековни активности за мониторирање на постоечките системи а се очекува завршен договор со Р.Албанија за вопсоставување на ГП Ќафасан-Струга.
- за *„Интеграција со системот на INTERPOL“,* изработено е решение за испраќање на изгубени патни исправи во Интерпол, но се уште не е во функција. Во тек е изготвување на решение, со кое по пат на веб сервиси, при распишување на меѓународна потерница за лица и возила преку апликациите на МВР да се испрати во Интерпол и на стоп листата, како и изработка на бизнис анализа за нова апликација „Case Management“ за потребите на Интерпол;
- за *„Подобрување на капацитетите на дигиталниот радио комуникациски систем ТЕТРА“,* за *набавка на додатоци за замена и одржување на терминалната радио комуникациска опрема,* изработена е техничка спецификација и во тек е постапката за јавната набавка на радио станици.

- потпрограма ***Реализација на активности кои произлегуваат од членство во НАТО и безбедност на информации***

- во *насока на имплементација и спроведување на активностите кои произлегуваат од членството во НАТО,* учествувано е:
  - во работата на координативното тело за спроведување на политиките на НАТО за градење на отпорност и на Работниот комитет на Советот за координација на активностите поврзани со членството во НАТО;
  - на обука за подготовка на вежба „LOGO 25“; на online работен состанок на тема „Поддршка на земјата домаќин“, во контекст на основите побарувања на НАТО;
  - на работен состанок со претставници од UNHCR и IOM;
  - на четири работилници за реализација на проектот за градење на национални капацитети за имплементација на НАТО активности;
  - на НАТО вежба „CMX-25“ со претставници од сите земји членки на Алијансата и највисоките командни тела и структури, одржана во Министерството за одбрана;

- на меѓународна вежба „SEVEN STARS 25“, одржана во Центарот за симулација во Велес и на Армискиот полигон Криволак, со присуство на припадници на вооружените сили во составот на Бригадата за ЈИЕ (SEEBRIG);
- учество на работилници организирани од Министерството за одбрана и Амбасадата на САД во Скопје, како и во изработка на Планот за неконтролирано движење на лица;
- реализација на две НАТО вежбовни активности, во организација на Министерството за одбрана.

Континуирано продолжува полициската поддршка на НАТО/КФОР трупите при влез, престој, транзит, стратегиски транспорт и непречено спроведување на вежбовните активности за реализација на НАТО вежбата „Balkan Warrior“, како и поддршка при организација и координација на полициските служби од БЈБ за непречен влез, престој, транзитирање на странски вооружени сили со персонал, вонгабаритни возила, вооружување, муниција, артилериски орудија и останата опрема со цел за спроведување на вежбата „Immediate Response-2025“.

Покрај тоа, одржана е online презентација по однос на линијата на отпорност и изработка на План за неконтролирано движење на лица во услови на кризна и сложена безбедносна состојба, согласно 7-те побарувања за отпорност на НАТО, пред претставниците на субјектите на системот за управување со кризи и на Институтот за демократско управување на САД и Амбасадата на САД во Скопје. Како континуитет на претходно одржаните НАТО работилници за градење на отпорност, учествувано е на ваква работнилница помеѓу институциите во земјава, во организација на Министерството за одбрана, а предводена од експерсткиот тим за отпорност од САД-Институт за демократско управување;

- *од аспект на обука и учество на полициски службеници во мировни мисии,* направен е подготвителен брифинг на две претставнички од Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, како и подготвителни брифинзи на претставници од Министерството за одбрана за упатување и работен ангажман во постојаната делегација на РСМакедонија во НАТО-Брисел, Белгија. Учествувано е на координативен состанок во Министерството за одбрана за отпочнување на национална обука со експерти од државните институции кои ќе бидат упатени во Мировни мисии и операции. Учествувано е и на завршен работен состанок и презентација од надлежност на МВР за отпочнување со работа и спроведување на обуки во Националниот тренинг центар (кој е планиран да биде во Министерството за одбрана) за упатување на лица во мировни мисии;
- во однос на *безбедност на класифицирани информации*, спроведен е инспекциски надзор од Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во организациската единица за безбедност на информации во МВР, при што констатирано е дека во целост се исполнети условите за безбедност на класифицираните информации. Исто така, отпочнато е со набавка и

испорака на безбедносно сензитивна опрема за заштитен пренос на класифицирани информации во електронска форма. Во континуитет се укажува стручна помош на организациски единици во МВР за административна, физичка, персонална и индустриска безбедност при постапување со класифицирани информации за потребите на МВР, а спроведена е и обука по криптозаштита од класифициран карактер на припадници на Министерството за одбрана/Генерал Штаб во просториите на касарната „Гоце Делчев", Скопје. Во координација со надлежните организациски единици на МВР, се спроведуваат активности за имплементација и акредитација на безбедносно сензитивна опрема за заштитен пренос на класифицирани информации во електронска форма во МВР.

Покрај тоа, во наведениот период учествувано е:

- на мултисекторска стручна дискусија, во организација на DCAF на тема „Институционални пристапи во класификација на информации", како дел од Програмата за реформата на разузнавачкиот и безбедносниот сектор на РСМакедонија;
- во работата на националната делегација за изработка на текст на Договор за размена и взаемна заштита на класифицирани информации меѓу РСМакедонија и Холандија;
- обука за потребата на Единицата за специјални задачи во Одделот за специјални полициски операции при БЈБ на тема „Безбедност на класифицирани информации во МВР", согласно Законот за класифицирани информации, а особено правилна примена на одредбите од Уредбата за административна безбедност.

- потпрограма ***Зајакнување на капацитетите за внатрешна контрола, професионални стандарди и спроведување на антикорупциска програма***

- во рамки на проектот *Промоција на интегритет и добро управување во земјите од Западен Балкан,* во јануари 2025 година одржан е состанок помеѓу експерти од CIDS од Осло, Норвешка и помошникот на министерот во Центарот за обука, на кој се разменети искуства во врска со критериумите за регрутирање нови кадри во полицијата. Во месец февруари, 2025 година спроведени се четири обуки за етички дилеми, свест и интегритет во граничната полиција со сите Регионални центри за гранични работи, кон крајот на месец мај, 2025г., спроведена е обука за управување со ризици од корупција во јавни набавки, а во месец септември, 2025 година, одржана е работилница за спроведување на тест за интегритет на кандидатите за вработување во МВР;
- за проектот *„Дигитализација на работните процеси во ОВККИПС",* поставен е електронски систем за менаџирање/управување со предмети и доказен материјал во Одделот, а се работи на поставување дигитална платформа за спроведување тест за интегритет во електронска форма.

## 12. ПРОГРАМИ

Стратешкиот план на МВР за 2026-2028 година содржи 2 *програми*, кои имаат континуитет од минатата година, разработени во *10 потпрограми,* во кои се содржани проекти и активности.

Стратешкиот план ги содржи следниве програми:

**12.1 Програма** РАЗВОЈ НА ПОЛИЦИЈАТА - со шест потпрограми:

12.1.1 Потпрограма *Вклучување и комуникација со заедницата*

12.1.2 Потпрограма *Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистички работи и сузбивање на организиран криминал*

12.1.3 Потпрограма *Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на полициски работи од општа и посебна надлежност и за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата*

12.1.4 Потпрограма *Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистичка техника*

12.1.5 Потпрограма *Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на граничното управување и миграција*

12.1.6 Потпрограма *Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на специјализираните полициски служби*

**12.2 Програма** УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ НА МВР - со четири потпрограми:

12.2.1 Потпрограма *Унапредување на системот за обука на вработените во МВР*

12.2.2 Потпрограма *Надградба на телекомуникациски и информатички систем во МВР*

12.2.3 Потпрограма *Реализација на активности кои произлегуваат од членство во НАТО и безбедност на информации*

12.2.4 Потпрограма *Зајакнување на капацитетите за внатрешна контрола, професионални стандарди и спроведување на антикорупциска програма*

# 12.1 ПРОГРАМА РАЗВОЈ НА ПОЛИЦИЈАТА

## План за спроведување Програма

| Оправданост и дизајн на Програмата |
|---|
| 1. **Образложение**: Програмата *Развој на полицијата* произлегува од **стратешките приоритети** на Владата на Република Северна Македонија: ***Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото*** **и** ***Интеграција во Република Северна Македонија во Европската Унија*** односно **приоритетните цели:** *Модернизација на безбедносниот сектор, јакнење на капацитетите за непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупција и реформи во насока на владеење на правото, Унапредување на механизмите за одговорност и режимот на мерки и санкции за дела на корупција, несовесно работење и прекршувања на правилата за спречување судир на интереси, Зајакнување на капацитетите во борба против трговијата со луѓе и илегална миграција, Јакнење на сајбер безбедноста и отпорноста на институциите, Ефективно, ефикасно и инклузивно креирање политики, Одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите, Унапредување на концептот на родова еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, превенција и заштита од сите форми на насилство спрема жените и девојчињата и вклучување на родовата перспектива во креирање на политиките и буџетите, Квалитетна подготовка, планирањето, спроведувањето и известувањето за реформите поврзани со пристапните преговори, со фокус на Патоказот за владеење на правото, за реформа на јавната администрација и Патоказот за функционирање на демократски институции и Акцискиот план за заштита на правата на припадниците на малцинствата и заедниците и Натамошно унапредување на добрососедските односи и активно учество во регионалните иницијативи со цел постигнување поцврста и поефикасна регионална соработка.* |

**2. Стратешки приоритети и цели на МВР**

Програмата е во функција на **стратешките приоритети:** *Модернизација на Министерството за внатрешни работи и јакнење на капацитетите за непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, Квалитетна подготовка на националната верзија на правото на Европската Унија, Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупција, реформи во насока на владеење на правото, Зголемување на нивото на јавната безбедност, вклучувајќи ја и безбедноста на патниот сообраќај, Спречување на прекуграничниот криминал и илегалната миграција и контрола на реадмисијата и остварување на правото на азил, Соработка и воспоставување на заеднички стандарди за сајбер безбедност и Унапредување на законодавството во развојот на родова еднаквост и стратегии за превенција и заштита на жените од сите форми на родово базирано насилство, вклучувајќи го и семејното насилство.*

Воедно, програмата е во функција на остварување на **приоритетните цели:**

- имплементација на Стратегијата за вклучување и комуникација со заедницата 2024-2026 година
- справување со корупцијата и криминалот и обезбедување на владеење на правото
- зајакнување на капацитетите во борба против трговија со луѓе и илегална миграција

- зајакнување на капацитетите на специјализираните полициски служби
- преземање и примена на најдобрите ЕУ практики и стандарди
- афирмација на министерството на меѓународен план преку спроведување на билатералните и мултилатералните договори и соработка со меѓународни организации и регионални инцијативи
- успешно искористување на инструментот за претпристапна помош-ИПА преку учество на МВР во реализација на национални и регионални проекти
- подготовка на МВР во континуирано зајакнување на капацитетите во насока на Реформската агенда за имплементација на европските стандарди
- изградба и реконструкција на полициски станици од општа надлежност и подобрени материјално-технички средства за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата
- справување со сајбер заканите со примена на нови технологии и мерки
- имплементација на родова еднаквост и обезбедување еднаков третман и можности на жени и мажи во рамки на министерството

**Цел на Програмата:**
Обезбедување законитост, стручност и транспарентна ориентираност во вршење на функцијата на Биро за јавна безбедност

**Показатели за успех на Програмата:**
- зајакнат професионален интегритет на полициски службеници за превенција
- зголемени капацитети во делот на криминалистичките работи и сузбивање на организиран криминал
- подобрени просторни услови и материјално-технички средства за потребите полициските работи од општа и посебна надлежност и за безбедноста на сообраќајот на патиштата
- модернизирани и стандардизирани капацитети во делот на криминалистичка техника
- јакнење на капацитетите на граничната полиција и унапредена меѓународна соработка за гранично управување
- зајакнати капацитети на специјалните полициски служби
- поефикасен систем на обуки за развивање на знаењето за родова еднаквост и вклучување на менторската програма за родова еднаквост во полициското работење

Програмата е: ■ Хоризонтална ☐ Вертикална

**Потпрограми (компоненти) од Програмата:**

| **Потпрограма 1**<br>Вклучување и комуникација со заедницата | **Показател за успешност**<br>• обучени човечки ресурси во делот на комуникација и работење со заедницата;<br>• модернизирани служби, дигитализација на граничните премини и |
|---|---|

| | |
|---|---|
| | воспоставени бази за податоци;<br>• подобрен пристап за работењето на полицијата како сервис на граѓаните преку одржување работилници со медиумите. |
| **Потпрограма 2**<br>Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистички работи и сузбивање на организиран криминал | **Показател за успешност**<br>• континуирана интерагенциска и меѓународна соработка преку спроведување на нови интерагенциски и меѓународни истраги;<br>• можност за пристап на припадниците на МВР до електронските бази на национално ниво – поголема откривачка активност;<br>• функционална систематизација и современи материјално-технички средства, предуслов за борба против трговија со луѓе и илегална миграција;<br>• квалификуван и стручен кадар за навремено идентификување на жртви на трговија со луѓе;<br>• измена во законската регулатива и интерните прописи во Министерството со цел обезбедување ефикасно и ефективно работење. |
| **Потпрограма 3**<br>Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на полициски работи од општа и посебна надлежност и за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата | **Показател за успешност**<br>• современ и функционален возен парк за потребите на ПС ОН и ПО, модерни возила потребни за увид при сообрачајни незгоди;<br>• реконструкција и модернизација на постоечките капацитети/објекти на ПС ОН и СВР/ОВР/ЕВР и РЦ за ГРСовремен и функционален возен парк за потребите на ПС ОН и ПО, модерни возила потребни за увид при сообраќајни незгоди;<br>• реконструкција и модернизација на постоечките капацитети/објекти на ПС ОН и СВР/ОВР/ЕВР и РЦ за ГР. |
| **Потпрограма 4**<br>Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистичка техника | **Показател за успешност**<br>• современи форензички капацитети кои ќе одговараат на меѓународните стандарди, стручен кадар со цел навремено извршување на работните задачи;<br>• примена на најнови методи во областа на криминалистичко-технички увиди, испитувања и вештачења до унапредување на системот за квалитет;<br>• воедначена методологија на работа за работа во случаи на истраги на место на |

| | |
|---|---|
| | настан како и во случај на спроведување лабораториски анализи преку усогласување со ЕУ регулативите;<br>• модернизирани форензички капацитети/лаборатории на локално ниво СВР/ОВР/ЕВР. |
| **Потпрограма 5**<br>Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на граничното управување и миграција | **Показател за успешност**<br>• успешно учество во меѓународни операции;<br>• зголемена активност на граничната полиција, засилени гранични контроли;<br>• намален број на илегални преминувања, криумчарење мигранти и трговија со луѓе;<br>• модернизирана опрема за гранични проверки и надзор. |
| **Потпрограма 6**<br>Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на специјализираните полициски служби | **Показател за успешност**<br>• континуирани стручни обуки на припадниците од специјализираните полициски служби;<br>• обновен возен парк и техничка опрема за работа на терен и успешни реализации во специјализираните полициски операции;<br>• нова систематизација со цел формирање на нови четири подединици на ЕСК. |

<table>
<tr><th colspan="11">План за спроведување на програмата</th></tr>
<tr><td colspan="11">12.1.1 Потпрограма Вклучување и комуникација со заедницата<br>План за спроведување</td></tr>
<tr><th rowspan="2">Активност</th><th rowspan="2">Одговорни</th><th rowspan="2">Консулти рани</th><th colspan="2">Временска рамка</th><th colspan="6">Потребни ресурси</th></tr>
<tr><th>Почеток (месец/ година)</th><th>Крај (месец/ година)</th><th colspan="3">Човечки</th><th colspan="3">Финансиски (МКД)</th></tr>
<tr><td colspan="11">Стратегија за вклучување и комуникација со заедницата 2024-2026 година</td></tr>
<tr><td>Подобрени компетенции на ПС за превенција за заедничко работење во заедницата<br>-обука на полициските службеници за полициско работење во заедницата и вршење на позорната дејност/ реонски метод на работа</td><td>ОЕ за превенција советници за СКСФО при СВР и РЦ и ГР</td><td>ЕСПСКК, ОЗРУЧР, ОУП, ЦО</td><td>2024</td><td>2026</td><td>I год.</td><td>II год.</td><td>III год</td><td>I год.</td><td>II год.</td><td>III год.</td></tr>
